СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ЕУ ЦЕНТАР НА СОБРАНИЕТО

# ЕУ ВЕСТИ

**_април 2015 година_**
**_ЕУЦ-број 10/2015_**



*"..Идејата за Обединета Европа и примерот на западноевропските држави, треба да бидат нашата водилка. Просперитетот, заедничките интереси, довербата и мирот мора целосно да завладеат и во сите држави од Балканот. Тоа е наш, но и европски интерес.... Политичкиот дијалог, меѓу другите нешта, е еден од основните принципи врз кои е создадена Европската унија.…..".*
Дел од обраќањето на Претседателот на Собранието на Република Македонија г-дин Трајко Вељановски на Конференцијата на претседатели на парламенти на Европската унија, 20-21 април 2015, Рим, Република Италија.

**Содржина на вести:**

| | |
|---|---|
| Во фокусот на Европскиот парламент | 1 |
| Заедничка декларација за зајакнување на енергетската соработка | 2 |
| Состанок на Советот за општи работи | 3 |
| Европска граѓанска иницијатива 2015 | 4 |
| “Европа за граѓаните”-состанок во Рига | 4 |
| ЕК покрена обвинение против Google | 5 |
| Нова европска агенда за безбедност | 5 |
| Ден на планетата Земја -2015 | 6 |
| Разлики во цената на трудот во ЕУ | 7 |
| Романија ги намалува даноците | 7 |
| Предлози за име на мисијата на астронаутот Томас Песке | 8 |
| Укинати квотите за млеко во ЕУ | 9 |
| Состанок на интергрупата на ЕП | 9 |
| Извештај на Европскиот суд на ревизори | 10 |
| ЕУ календар/мај 2015 | 11 |

## ВО ФОКУСОТ НА ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ

*Пленарна седница 27-30 април 2015, Стразбур*

Европскиот парламент ги одобри измените на правилата за Европскиот социјален фонд, со што ќе се обезбедат една милијарда евра од средствата на ЕУ за земјите -членки, за поддршка на програмите за вработување на младите. Буџетот за Европската иницијатива за млади за периодот 2014-2020 е 3,2 милијарди евра, а Европскиот социјален фонд е клучен извор на финансирање со околу 86 милијарди евра.

Европратениците дебатираа за трошењето на средствата на Европската комисија и другите институции и агенции на ЕУ. Парламентот има ексклузивно право да го одобри спроведувањето на буџетот на институциите на ЕУ. Изразените сомневања околу ревизиите го поттикнаа Парламентот да го одложи одобрувањето на трошењето на европските средства од 2013 година за Европскиот институт за иновации и технологии. Европратениците изнесоа критики и кон Европската комисија пред се за грешки кај трошоците во земјоделската, регионалната и политиката на вработување.

Услугата eCall (електронски повик) која во случај на сообраќајна несреќа автоматски ќе ја повикува службата 112, производителите ќе ја вградуваат во сите нови модели на автомобили и лесни комбиња од 31 март 2018 година. Според новите правила, преку автоматскиот повик, службите за итна помош ќе имаат пристап до податоци за видот на возилото, горивото, времето и точното место на сообраќајната несреќа, бројот на патниците во возилото.

Во резолуцијата усвоена од европратениците, се побара задолжително означување на калоричната вредност на производите кои содржат алкохол.Штетите настанати како последица на прекумерна консумација на алкохолот во ЕУ се проценуваат на околу 155,8 милијарди евра во 2010 година.

*Пленарна седница 15 април 2015, Брисел*

Европратениците усвоија резолуција со која повикаа за поголеми напори за запирање на дискриминацијата и говорот на омраза врз Ромите како и за признавање на 2 август за меморијален ден на геноцидот на Ромите во Втората светска војна.

Парламентот ги одобри измените на Повеќегодишната финансиска рамка на ЕУ за 2014-2020, со цел да се помогне финансирањето на 300 програми во земјите-членки на ЕУ.Со измените, неискористените средствата од 2014 година во износ од 2.1 милијарди евра ќе се пренесат во 2015-2017.

Во резолуција усвоена на 15 април годинава, европратениците повикаа на потребата, Ерменија и Турција да ја искористат стогодишнината од геноцидот на Ерменците, за обновување на дипломатските односи, отворање на границата и економска интеграција. Европратениците оддадоа почит на 1,5 милиони Ерменци кои пред 100 години биле жртви на Отоманската империја, при што предложија да се воспостави меѓународен ден на сеќавање на геноцидот врз Ерменците.

http://www.europarl.europa.eu/news/en/news-room/plenary

## ВО БУДИМПЕШТА ПОТПИШАНА ЗАЕДНИЧКА ДЕКЛАРАЦИЈА ЗА ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКАТА СОРАБОТКА



***«Енергетска соработка е од интерес на граѓаните и индустриите, но ќе има и клучна улога во подобрување на меѓусоседските односи меѓу државите низ кои би поминувал новиот гасовод - Турски тек»***



На 7 април годинава во Будимпешта, министрите за надворешни работи на Унгарија, Грција, Македонија, Турција и Србија, одржаа состанок за енергетската стабилност во регионот на Централна и Југоисточна Европа. Министрите на петте држави се заложија за диверзификација на изворите и рутите за снабдување со природен гас како клучен фактор за сигурно снабдување со енергија на регионот.

На состанокот беше усвоена Заедничка декларација за зајакнување на енергетската соработка. Во декларацијата се наведува дека енергетска соработка е од интерес на граѓаните и индустриите, но и ќе има клучна улога во подобрување на меѓусоседските односи меѓу државите низ кои би поминувал новиот гасовод "Турски тек".

Клучен заклучок од состанокот е воспоставување на техничка група која ќе ја разгледа економската оправданост и можноста за изградба на гасовод, кој би носел гас од Турција, преку Грција, Македонија, Србија до Унгарија, и до централно-европските пазари.

Проектот е отворен за соработка за сите земји кои имаат интерес. Договорено е во најскоро време да се одржи состанок на експертско ниво и да се изработат физибилити студии за натамошен развој на проектот со цел создавање на потребна инфраструктура и начини за финансирање.

Секоја од државите оценува дека гасоводот е во интерес на националната економија, како и за привлекување на нови странски инвеститори, при што се зема во предвид и улогата на европските фондови за развој на инфраструктурни проекти во Југоисточна и во Централна Европа.

Рускиот енергетски гигант Гаспром и неговиот турски партнер Ботас веќе ја одбележаа трасата на гасоводот, а меѓувладиниот договор се очекува да биде потпишан во вториот квартал на 2015 година.

Според проценките, првата фаза на гасоводот се предвидува да заврши до крајот на 2016 година. Според рутата, почетокот на гасоводот е на рускиот брег на Црното Море во близина на градот Анапа и продолжува под морето. Точката на излегување на копно ќе биде во близина на селото Кајакој, а главната точка за испорака на гас за Турција ќе се наоѓа во регионот на Лулебургаз. Гасоводот од Турција ќе излегува кај градот Ипсал и ќе продолжи низ Грција.

Делот од гасоводот кој ќе биде под море, компанијата Газпром ќе го гради самостојно, додека во реализација на копнениот дел од проектот ќе учествува и турската компанија Ботас.

Според очекувањата, капацитетот на "Турски тек" би можел да достигне 63 милијарди кубни метри гас годишно, што е еднакво на предвидувањата од проектот "Јужен поток".

Со новиот гасовод, Турција ќе добие околу 16 милијарди кубни метри гас, додека преостанатите 47 милијарди кубни метри гас се наменети за Европа.

Проектот ќе биде завршен до 2020 година, кога рускиот „Гаспром“ планира да го прекине транспортот на гас низ Украина

https://euobserver.com/energy/128261

## СОСТАНОК НА СОВЕТОТ ЗА ОПШТИ РАБОТИ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА - ЗАКЛУЧОЦИ ЗА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА



Советот за општи работи на ЕУ, на 21 април годинава во Луксембур одржа состанок со кој претседаваше Едгарс Ринкевичс, министер за надворешни работи на Летонија, земја која е актуелен претседавач со ЕУ. Министрите ја поздравија определбата за дејствување во однос на миграцијата, особено во трите главни области: зајакнување на борбата против трговијата со луѓе, зајакнување на акциите за спасување на животите на море и зајакнување на соработката со трети земји.

Министрите разговараа за приоритетите на Советот за идниот меѓуинституционален договор за подобро законодавство на Унијата. Актуелниот договор датира уште од 2003 година и ги утврдува општите принципи на соработката меѓу Советот, Европскиот парламент и Комисијата. Целта на новиот договор е да се подобри изготвувањето на правото на ЕУ како и неговото спроведување. Предлогот на Европската комисија за новиот договор, се очекува на 19 мај годинава.

Советот ја одбележа десетгодишнината од потпишувањето на договорот за пристапување во ЕУ, на Романија и Бугарија.

Советот усвои заклучоци по специјалниот извештај на Европскиот суд на ревизори, во однос како Европскиот фонд за регонален развој дава поддршка на средните и мали претпријатија во областа на поефикасна е-трговија.

Во однос на *Република Македонија*, Советот на состанокот усвои *заклучоци* со кои "се изразува длабока загриженост во врска со влошената состојба во земјата, посебно во областа на владеењето на правото, основните права и слободата на медиумите, кои се темелни демократски вредности во срцето на ЕУ и политиката на проширување.

Во интерес на граѓаните, демократијата, владеењето на правото и политичката стабилност, Советот ги повикува политичките лидери за брзо решавање на проблемите. Советот ги повикува сите страни да преземат итни мерки за одржливо решение, конструктивна посветеност за рестартирање на политичкиот дијалог и враќање на довербата во институциите со преземање адекватни политички чекори.Сите обвинувања треба да се истражат од страна на надлежните органи, вклучително и наводите за потенцијални злоупотреби објавени јавно, со целосно почитување на соодветниот процес, принципот на независност и пресумпцијата на невиност.

Советот го поздрави медијаторството на членовите на Европскиот парламент во разговорите меѓу главната владејачка и опозициската партија и ги повика двете страни да покажат воздржаност и да се фокусираат во пронаоѓање решение на сегашната политичка криза што е можно побрзо.

Реафирмирајќи ја потребата за продолжена посветеност на ЕУ, вклучително и преку редовното известување од страна на Комисијата и на Европската служба за надворешни работи, за ситуацијата во земјата и за напредокот во европската интеграција, а во согласност со заклучоците на Советот од 16-ти декември 2014 година, Советот останува вклучен по ова прашање и ќе се наврати на истото во следните месеци".

http://www.consilium.europa.eu/en/meetings/gac/2015/04/21/

*«Во интерес на граѓаните, демократијата, владеењето на правото и политичката стабилност, Советот ги повикува политичките лидери за брзо решавање на проблемите»*
*-дел од заклучоците за Република Македонија*

## ДЕН НА ЕВРОПСКАТА ГРАЃАНСКА ИНИЦИЈАТИВА - 2015

На 13 април годинава, во Брисел се одбележа денот на Европската граѓанска иницијатива. Настанот беше организиран од Европскиот економско-социјален комитет во соработка со Комитетот на регионите и Европската служба за граѓански акции. Во фокусот на настанот беа перспективите поврзани со Европската граѓанска иницијатива: извештаите за спроведувањето, корисниците, земјите-членки, Европскиот парламент и структурите за поддршка.

Европската граѓанска иницијатива е воведена со Договорот од Лисабон и претставува најважен инструмент на директна демократија на европско ниво. После три години од воведувањето, беше извршено согледување на правната рамка, особено на Регулативата 211/2011.

Во изминатите три години околу 6 милиони граѓани на Европа дадоа поддршка на Европската граѓанска иницијатива, со што директно го искористија нивниот глас во привлекувањето на вниманието на креаторите на политиките во ЕУ.

Европската комисија на 31 март годинава објави извештај за примената на овој механизам од неговото влегување во сила на 1 април 2012 година. Според извештајот во изминатите три години биле примени 51 барања за покренување на иницијатива. Од нив, 31 биле во областа каде има надлежност Европската комисија, 3 иницијативи го достигнале прагот од еден милион потписи, 12 завршиле без обезбедување на еден милион потписи, за 3 сеуште се собираат изјави за поддршка и 10 предлози биле повлечени од страна на организаторите.

Денот на Европската граѓанска иницијатива претставува можност за средба и плаформа за регистрирани и идни организатори на иницијативата за размена на искуства и информации како и презентација на нивните идеи на медиумите.

http://ec.europa.eu/citizens-initiative/
http://www.citizens-initiative.eu/#home
http://europa.eu/rapid/press-release_

## "ЕВРОПА ЗА ГРАЃАНИТЕ" - СОСТАНОК ВО РИГА



https://eu2015.lv/

На состанокот на претставниците на земјите-членки на ЕУ кои учествуваат во програмата „Европа за граѓаните“ кој се одржа на 8 и 9 април годинава во Рига, темата на разговорите беа мерките што треба да се преземат за подобрување на информациите и зајакнување на соработката меѓу партнерите во проектот, со цел подобра имплементација на програмата. Претставниците на Европската комисија и други институции информираа за идниот развој на програмата и се договорија за клучните прашања во однос на напредокот на програмата.

Претставниците на точките за контакт на програмата „Европа за граѓаните“ се состануваат два пати годишно, при што секоја средба се организира од земјата актуелен претседавач со Советот на ЕУ. Меѓу главните теми на дискусија на состаноците најчесто се актуелната состојба и предизвиците на програмата, како и барања на соодветни решенија за подобрување на нејзиниот квалитет.

Програмата *„Европа за граѓаните“* е креирана за приближување на ЕУ до граѓаните, за зајакнување на европската димензија во знак на сеќавање на значајни историски настани и за зголемување на можностите за учество на општеството во процесите на ЕУ, обезбедување на поотворена дебата за прашања поврзани со ЕУ на локално, регионално и национално ниво.

Програмата претставува можност граѓанските организации и поширокото општество да учествуваат во демократскиот живот на Унијата.

Состанокот во Рига беше во организација на контакт центарот на ЕУ програмата „Европа за граѓаните“ во Летонија, на контактната точка при Министерството за култура на Летонија во соработка со Извршната агенција за култура, образование и аудиовизуелна дејност на Европската комисија, кој е централен орган на програмата.

## ЕВРОПСКАТА КОМИСИЈА ПОКРЕНА ОБВИНЕНИЕ ПРОТИВ GOOGLE И ANDROID

Европската комисија на 16 април годинава официјално покрена обвинение против компанијата Google, за монополско однесување и фаворизирање на нивните сервиси, апликации и оперативен систем.
Google ќе има шанса да ги оспори обвиненијата и да поднесе своја аргументација против тврдењата на Комисијата. Доколку Комисијата е во право, на компанијата и се заканува казна која може да достигне и до 10% од годишните приходи или околу 6 милијарди долари врз основа на финансиските податоци од 2014 година. Во истрагата било разгледувано дали компанијата Google која има 90% удел во интернет пребарувањата на пазарот во Европа, ја искористила доминантната позиција за да се потисне конкуренцијата на дигиталните пазари како и цените.
Комесарот за конкуренција на ЕУ Маргрете Вестагер, по разговорите со претседателот на Европската комисија Жан-Клод Јункер, донесе одлука да се покрене истрага.
Комисијата ќе провери дали Google нуди неконкурентни услови за производителите на мобилни телефони кои користат свои апликации како YouTube. Првото обвинение се однесува на резултатите кои се прикажуваат на Google при пребарување на споредби за производи.Компанијата се обвинува дека во резултатите го фаворизираат својот сервис Google Shopping со што се потврдува дека постои ограничување на конкуренцијата на сметка на сопствените сервиси и производи. Со оглед на големиот процент на користење на пребарувачот Google, одговорноста е на повисоко ниво.
Второто обвинение се однесува на оперативниот систем Android. Комисијата ја обвинува компанијата дека ги условува производителите на уреди да ги користат нивните апликации и истите да бидат претходно инсталирани на нивните уреди. Се ограничува менувањето на оперативниот систем кој што е со отворен код, се ограничува конкуренцијата и развојот на нови апликации преку комбинирање на нивните апликации и сервиси со други апликации.
Последната поголема истрага која што привлече внимание беше за компанијата Microsoft која беше обвинета за вклучувањето на Internet Explorer со нивниот оперативен систем Windows во време кога тој беше масовно користен.

http://ec.europa.eu/competition/
http://www.telegraph.co.uk/finance/

*«Доколку Европската комисија е во право, на компанијата Google и се заканува казна која може да достигне и до 10% од годишните приходи или околу 6 милијарди долари»*

## НОВА ЕВРОПСКА АГЕНДА ЗА БЕЗБЕДНОСТ

На 28 април годинава Европската комисија ја постави Европската агенда за безбедност за периодот 2015-2020, со која ќе се поддржи на соработката меѓу земјите-членки во борбата против тероризмот, организираниот криминал и кибернетичкиот криминал.
Со програмата се утврдени конкретни мерки кои заеднички ќе се користат со цел постигнување на сигурност и ефикасно справување со трите горливи прашања.
За обезбедување на внатрешната сигурност одговорни се земјите-членки, додека прекуграничните предизвици се преголеми за да можат одделните земји самостојно да дејствуваат. Поради оваа причина потребна е поддршка од ЕУ за градење на доверба и олеснување на соработката, размена на информации и заедничко дејствување.
Клучните активности од новата агенда за безбедност се: борбата против радикализацијата, ажурирање на правната рамка за тероризам, спречување на финансирањето на криминалот, зајакнување на дијалогот со информатичката индустрија, зајакнување на правната рамка за огненото оружје, зајакнување на алатките за борба против кибернетски криминал и на капацитетите на Европол.
Според новото истражување на Евробарометар, европските граѓани се повеќе се загрижени за својата сигурност. Процентот на лицата кои сметаат дека тероризмот е главна закана за сигурноста на ЕУ, во 2013 изнесувал 33%, додека денес пораснал до 49%.

http://europa.eu/rapid/press-release_IP-15-4865_en.htm

## ДЕН НА ПЛАНЕТАТА ЗЕМЈА - 2015

На 22 април годинава се одбележа 45 годишнина од прославувањето на денот на планетата Земја. Идејата за одбележување на овој ден потекнува од поранешниот американски сенатор од државата Висконсин, Гејлорд Нелсон кој во 1969 година бил сведок на масивното испуштање на нафта во Санта Барбара, Калифорнија. Инспириран од масовното студенско антивоено движење во тоа време, новата енергија кај јавната свест за загадувањето на воздухот и водата успеал да ја насочи преку заштитата на животната средина во националната политичка агенда. Како резултат на тоа, 20 милиони Американци на 22 април излегле на улиците и парковите со демонстрации за здрава и одржлива животна средина. Илјадници колеџи и универзитети организирале протести против загадувањето на животната средина.

Првото одбележување на Денот на планетата Земја доведе до формирање на Агенцијата за животна средина на САД како и до усвојување на законите за чист воздух, чиста вода и заштита на загрозени видови.

Во 1990 година денот на планетата Земја се одбележал со мобилизирање на 200 милиони луѓе од 141 земји, со што прашањето за заштитата на животната средина се поставило на светска сцена.

Во 1995 година, тогашниот претседател на САД Бил Клинтон, го доделил највисокото почесно признание - претседателскиот медал на слободата, на сенаторот Нелсон за неговата улога како основач на Денот на планетата Земја.

Обединетите нации на Конференција за животната средина во 1992 година, 22 април официјално го прогласиле за *Ден на планетата Земја*.

Оваа година во Берлин, од 19-23 април беше одржана "Глобална недела на почвата", каде научниците од Заедничкиот истражувачки центар на Европската комисија ја презентираа својата работа на почвата која е од клучно значење за животот на Земјата. Беа претставени нови механизми и пристапи како и земјишни податоци кои ќе бидат вградени во соодветните политики со цел обезбедување на здрава почва за идните генерации.

Првиот значаен меѓународен договор за климатски промени донесен е во 1997 година (Протоколот од Кјото), кој не беше ратификуван од страна на САД. По дваесет години неуспешни обиди за создавање на ефикасен меѓународен договор за климатските промени, очекувањата се дека оваа година на конференцијата во Париз, светските лидери конечно ќе постигнат согласност за усвојување на новиот протокол за климатските промени.



*Република Македонија* и оваа година се придржи во одбележувањето на Денот на планетата Земја - 22 април, со организирање на бројни настани и манифестации.

Во Народната канцеларија на Претседателот на Република Македонија беше поставена изложба на минерали и кристали од земјата.

Во градот Скопје беа организирани бројни активности и акции со пораки за мир и за почиста животна средина. Најбројни учесници беа децата од градинките и училиштата, и по трет пат се одржа спортската манифестација „Ролер-трка 2015“, под мотото „Возиме кон иднината“ во која учествуваа околу 700 ученици од училиштата од градот и од околината на Скопје.

Организацискиот одбор на млади на Американската амбасада, заедно со децата од ОУ „Исмаил Ќемали“ го чистеа училишниот двор и засадија млади дрвца. Учениците од ОУ „Гоце Делчев“ во Скопје дефилираа со маски од еколошки материјали.



http://www.earthday.org/
http://globalsoilweek.org/

## ГОЛЕМИ РАЗЛИКИ ВО ЦЕНАТА НА ТРУДОТ КАЈ ЗЕМЈИТЕ-ЧЛЕНКИ НА ЕУ



Просечните трошоци на работна сила во 2014 година во економијата на ЕУ, со исклучок на земјоделството и јавната администрација се проценуваат на 24,6 евра на час и 29,2 евра во еврозоната.
Цената на трудот е најевтина во Бугарија, а најскапа во Данска. По сектори, трошоците за работна сила највисоки се во индустријата.
Трошоците на работна сила во ЕУ во 2014 година се за 1,4% поголеми во однос на 2013 година.
Разликите на цената на трудот во земјите-членки на ЕУ се големи. Според новите проценки на Европската служба за статистика најниски трошоци за работна сила се во Бугарија (3,8 евра по час), Романија (4,6 евра), Литванија (6,5 евра) и Латвија (6,6 евра), додека најголеми во Данска (40,3 евра), Белгија (39,1 евра), Шведска (37,4 евра) и Луксембург (35,9 евра).
Трошоците за работна сила по час, највисоки се во секторот индустрија - 25,5 евра во ЕУ и 32 евра во еврозоната, потоа во услужниот сектор (24,3 односно 28,2 евра) и во градежништвото (22 односно 25,8 евра).
Во непродуктивниот дел на економијата, со исклучок на јавната администрација трошоците за работна сила во 2014 година биле 24,7 евра на час во ЕУ и 29,1 евра во еврозоната. Овој дел од економијата изнесува 24% од вкупната цена на трудот и ги вклучува образованието, здравството, социјалните работи, уметностите, рекреација и други услужни дејности.
Трошоците на трудот (изразени во националната валута), најголем раст во 2014 година во споредба со 2013 година имаат во Романија (6%), Литванија и Полска (3,5%) и Унгарија (3.3%) додека најнизок раст бил забележан во Данска (0,9%) и Велика Британија (1,3%). Според Еуростат, намалување на трошоците за работна сила по час забележано е само во Хрватска - 0,8%.
http://ec.europa.eu/eurostat/

## РОМАНИЈА ГИ НАМАЛУВА ДАНОЦИТЕ

Романија планира годинава да го намали данокот на додадена вредност за храна и безалкохолни пијалоци со цел да се стимулира вработувањето и да се помогне на посиромашните граѓани. Се планира постепено намалување и на други даночни стапки од 2019 година.
Премиерот на Романија Виктор Понта, очекува буџетскиот дефицит како резултат на намалувањето на даночните стапки да се компензира со подобра наплата на даноците.
Намалувањето на ДДВ за храната на 9% од 24%, се објаснува со потребата да им се помогне на сиромашните слоеви во земјата. Според новата верзија на даночното законодавство, ДДВ ќе се намали на 24%, во 2016 година до 20%, додека за производите како месо, риба, зеленчук, овошје, млечни производи, добиток, живина и јајца, до 9%. Од 2018 година ДДВ ќе се намали од 20% на 18%. Првото намалување на ДДВ треба да стапи на сила на 1 јуни годинава. Намалувањето ќе го чини буџетот пет милијарди леи или околу 1,23 милијарди долари.
Владата очекува за постепеното намалување на даноците, парламентот да даде согласност до крајот на јуни.
Малите претпријатијата предвидено е да плаќаат диференцирани стапки на данок на доход, во зависност од бројот на вработени. Владата има намера да ги намали акцизите за гориво, тутун, алкохолни пијалоци, додека акцизата на мазут произведен во Романија, производи од кафе, накит или автомобили како и данокот на градежништво би можеле да бидат укинати.
Фискалниот совет на Романија предупреди дека планираното намалување на даноците се базира на премногу оптимистички проценки на приходите и претставува „голем ризик“ за финансиите на државата. Советот проценува дека фискалниот дефицит во 2016 година ќе се зголеми на 3,1% од БДП,
Според Фискалниот совет, структурниот дефицит ќе се искачи на 5,5% до 2019 наспрема проектираниот 1%, со што постигнувањето на целта на воведувањето на еврото во 2019 ќе биде невозможно, со оглед на големиот дефицит.

http://uk.reuters.com/article/2015/

**ПРЕДЛОЗИ ЗА ИМЕ НА МИСИЈАТА НА АСТРОНАУТОТ ТОМАС ПЕСКЕ**



Во ноември 2016 година се очекува астронаутот на Европска вселенска агенција, Томас Песке да полета со вселенскиот брод "Сојуз" како дел од експедицијата составена од 50 члена, заедно со астронаутот од НАСА Пеги Витсон и рускиот командир-космонаут Олег Новицки.

Европската вселенска организација (ESA) и астронаутот Томас Песке упатија покана до граѓаните за доставување на предлози за името на мисијата - се бара кратко, едноставно, звучно име кое лесно ќе се изговара на француски, англиски и на други јазици.

Европската вселенска агенција претставува портал на Европа до вселената. Како меѓународна организација, создадена е во 1975 година со мисија да го формира развојот на можностите на европскиот простор и да обезбеди инвестирање во вселената во корист на граѓаните на Европа и светот.

Во ESA членуваат 20 држави: Австрија, Белгија, Чешка, Данска, Финска, Франција, Германија, Грција, Ирска, Италија, Луксембург, Холандија, Норвешка, Полска, Португалија, Романија, Шпанија, Шведска, Швајцарија и Велика Британија.

Врз основа на заеднички договор за соработка Канада учествува во одредени проекти. Договори за соработка со ESA имаат потпишано десет држави: Полска, Израел, Естонија, Романија, Словенија, Кипар, Латвија, Литванија, Словачка и Бугарија.

Седиштето на ESA е во Париз, додека разни центри за: астронаути, вселенски операции, вселенско истражување и телекомуникации има во повеќе европски држави: Германија (Келн и Дармштад), Шпанија (Виланева де ла Канада), Италија (Фраскати), Холандија (Нордвијк), Велика Британија (Харвел-Оксфордшир) и Белгија (во регионот Арденес).

http://thomaspesquet.esa.int/
http://www.esa.int/ESA



*Томас Песке е роден во 1978 година, во Руан-Франција. Во 2001 год. магистрирал на École Nationale Supérieure de l'Aéronautique et de l'Espace во Тулуз-Франција, на отсекот дизајн и контрола на вселенски брод.*
*Во 2006 година дипломирал и на школата за летање на Air France. Томас е член на Француската асоцијација за аеронаутика и астронаутика и член на Американскиот Институт за аеронаутика и астронаутика.*
*Во 2009 година избран е за астронаут во Европската вселенска агенција. Во 2010 успешно ја завршува обуката и работи во Eurocom - на комуникации со астронаутите во текот на летовите до вселената. Бил одговорен за идните проекти во Европскиот центар за астронаути.*
*Добил дополнителни оперативни и технички обуки во Европа, Русија и САД.*
*Во ноември 2016 година, Томас Песке ќе полета во шест месечна мисија во вселената како инженер на летот за експедициите 50 и 51. Мисијата треба да заврши во мај 2017 година. Томас ќе работи на експерименти за научни цели во интерес на подобрување на животот и истражување на нашиот сончев систем.*

*http://www.esa.int/Our_Activities/Human_Spaceflight/Astronauts/Thomas_Pesquet*

## УКИНАТИ КВОТИТЕ ЗА МЛЕКО ВО ЕВРОПСКАТА УНИЈА




Европската комисија, по повеќе од 30 години, од 1 април ги укина квотите за производство на млеко. Производителите во Европа ќе може да произведуваат млеко во неограничени количини. Според проценките во 2015 година производството на млеко ќе стагнира.

Во Европската унија во изминатите шест години беа изгубени 200.000 фарми за производство на млеко. И покрај големото производство во Франција и Германија, Унијата ја губи битката на извозен лидер со Нов Зеланд.

Во Европската унија во 2014 година биле собрани 151 милијарди литри млеко од околу 660.000 фарми. За 2015 година и покрај укинувањето на квотите се предвидува непроменето производство.

Европски шампион во производство на млеко е Германија со повеќе од 30 милијарди литри во 2014 година, според податоците на Центарот за следење на млечниот сектор при Европската комисија. Потоа следи Франција со 23 милијарди литри, Велика Британија со 14 милијарди литри, Холандија, Италија и Полска.

Најголем конкурент на ЕУ со извоз од 1.887 милијарди млеко годишно, во вид на путер и млеко во прав се Нов Зеланд, САД, Австралија, Аргентина и Белорусија. ЕУ се уште е најголемиот извозник на обрано млеко во прав со раст на извозот од 59% во 2014 година.

Европската комисија најави дека ќе ја следи ситуацијата од можни закани за млечниот сектор по укинувањето на квотите.

Заедничката земјоделска политика на ЕУ на земјите-членки им обезбедува алатка за ублажување на негативните последици во форма на помош или фондови за развој на земјоделството.

Комисијата ќе го зајакне Центарот за следење на млечниот сектор основан во 2013 година, за да помогне на секторот подобро да одговори на промените на пазарот.

http://www.euractiv.com/sections/agriculture-food/

---

## СОСТАНОК НА ИНТЕРГРУПАТА НА ЕП ЗА ДОЛГОРОЧНО ИНВЕСТИРАЊЕ И РЕИНДУСТРИЈАЛИЗАЦИЈА




На 13 април годинава во Европскиот комитет на регионите беше одржана инаугуративна седница на интергрупата на Европскиот парламент за долгорочно инвестирање и реиндустријализација посветена на Европскиот фонд за стратешки инвестиции (т.н.Јункеров план).

Претседателот на комитетот Марку Маркула ја повтори заложбата на регионите и градовите во Европа за спроведување на инвестицискиот план и повика за посилна улога на регионалните платформи за инвестиции.

Настанот беше одржан неколку дена пред усвојувањето на Извештајот на Европскиот парламент, за Европскиот фонд за стратешки инвестиции и почетокот на преговорите меѓу Советот и Европската комисија.

Во моментот во Интергрупата членуваат околу 70 членови на Европскиот парламент, со поддршка на околу 30 професионални здруженија и заинтересирани страни.

Групата е креирана со цел да се одржува редовен дијалог со клучните актери и да се поттикне дебатата за долгорочните инвестиции и законодавната рамка.

Според проценките на Комисијата, инвестицискиот план би можел да го зголеми БДП на ЕУ до 410 милијарди евра и да креира до 1,3 милиони нови работни места.

http://longterminvestment.eu/

## ИЗВЕШТАЈ НА ЕВРОПСКИОТ СУД НА РЕВИЗОРИ




*“Механизмот познат како "Гаранција за младите" има за цел за 7,5 милиони незапослени млади во ЕУ да им обезбеди можност за вработување, образование или обука»*

Невработеноста кај младите е еден од големите предизвици со кои се соочуваат повеќето од земјите-членки на Европската унија. Како одговор на овој предизвик во јуни 2013 година Унијата воспостави механизам познат како "Гаранција за младите" кој има за цел за 7,5 милиони незапослени млади да обезбеди можност за вработување, образование или обука.

Европскиот суд на ревизори на 24 април 2015 година објави извештај во кој се утврдени три ризици за успешно спроведување на ЕУ иницијативата "Гаранција за младите“: за соодветноста на вкупното финансирање, за дефиницијата на „квалитетна понуда“ и за начинот на кој Европската комисија ги следи и известува за резултатите од програмата.

Според ревизорите, Комисијата обезбедила навремена и соодветна поддршка на земјите-членки во воспоставувањето на програмата “Гаранција за младите“. Сепак, Комисијата не спровела проценка на влијанието и не ги навела очекуваните трошоци и придобивки, со оглед дека тоа е стандардна процедура за сите главни иницијативи на Комисијата.

Недостасуваат информации за можните вкупни трошоци за спроведување на програмата на ниво на ЕУ и постои ризик вкупниот износ на финансиски средства да не биде соодветен. Не е јасно дефинирано што точно се подразбира под терминот „квалитетна“ понуда за работа.

Според статистиките, на секои пет граѓани на ЕУ на возраст под 24 години кои се наоѓаат на пазарот на трудот за повеќе од еден нема работа, а во некои од земјите-членки невработен е секој втор млад човек. Во периодот од 2014 до 2020 година програмата делумно ќе се финансира од буџетот на ЕУ преку Европскиот социјален фонд и посебни иницијативи за вработување на младите во износ од 12,7 милијарди евра.

Земјите-членки треба да обезбедат дополнителни средства за финансирање на мерките за вработување, но и за мерки поврзани со структурните реформи на системите за обука, образованието и можностите за вработување на младите луѓе. Износот на националните средства за оваа програма не е утврден, девет земји-членки сеуште не доставиле до Комисијата информации за ова прашање, додека останатите земји-членки доставиле некои информации.

Во извештајот на ревизорите се дадени препораки:

• земјите-членки да обезбедат јасен и сеопфатен преглед на трошоците на сите планирани мерки за борба против невработеноста кај младите;
• Комисијата да промовира сет на квалитативни одредници кои понудите за слободни работни места, стажирањето и приправничката пракса треба да ги имаат за да ги исполнат условите за поддршка од ЕУ;
• Комисијата треба да воспостави сеопфатен систем за следење на програмата кој ќе ги вклучува и структурните реформи и мерките. За резултатите од следењето на програмата, треба да се информираат Европскиот парламент и Советот.

http://www.eca.europa.eu/en/Pages/NewsItem.aspx?nid=5715




*ЕУ КАЛЕНДАР/ мај 2015*

1.EXPO Милано 2015 од 1 мај до 30 октомври 2015

2.Европска пролетна економска прогноза - објавува Европската комисија, на 5 мај, Брисел

3.Одбележување на Денот на Европа - 9 мај (институциите на ЕУ во Брисел, Стразбур и Луксембург на 2 и 9 мај 2015 се отворени за посетители).

4.Пленарна седница на Европскиот парламент, 18-21 мај 2015, Стразбур,

5. Одбележување на Ден на климата и финансиите- 22 мај 2015, Париз.



СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ЕУ ЦЕНТАР НА СОБРАНИЕТО

Адреса: 11 Октомври бр. 10, Скопје, 1000

Телефон: +389 2 3 11 22 33 локал 414 и 289
Факс: +389 2 3 182 277
E-mail: nsei@sobranie.mk
Канцеларија 019

www.sobranie.mk

*Во Собранието на Република Македонија во периодот јануари 2011-јуни 2012 година беше спроведен ИПА Проект за "Техничка помош за Парламентот", чија општа цел беше зајакнување на институционалниот капацитет на Собранието и со тоа подобрување на неговата транспарентност и одговорност пред граѓаните.*

*Во рамките на ИПА проектот, беше обезбедена финансиска и стручна помош за воспоставување на ЕУ центар во Собранието.*

*Целта на формирањето на ЕУ центарот е на пратениците во Собранието на Република Македонија и на Службата на Собранието да им се обезбеди подобар пристап до информации поврзани со ЕУ прашања.*